RR & CO. Ltd.
Dunajska cesta 20
1000 Ljubljana - Slovenia



www.rr-co.eu
www.eu-partners.eu
www.efamt.eu

# ОД ИДЕЈА ДО ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТ

## УЧЕТЕ ОД НАЈДОБРИТЕ

**СОДРЖИНА:**

- **ЗА СЕМИНАРОТ.........................................................2**
- **ДНЕВЕН РЕД.............................................................3**
- **ЦЕЛНА ПУБЛИКА.......................................................4**
- **РАСПОРЕД................................................................5**
- **ЗА ПРЕДАВАЧОТ.......................................................5**
- **ЗА RR&CO KNOWLEDGE CENTRE LTD...............................6**
- **ЗА АПРИОРИ КОМУНИКАЦИИ.........................................7**

Љубљана, февруари 2009

## Неповратни средства од ЕУ:
## ОД ИДЕЈА ДО ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТ

**Неповратните средства од ЕУ им стојат на располагање и на организациите од Македонија. Меѓутоа, патот до подготовка на добар проект, кој ќе овозможи финансирање на вашите идеи, е долг. За полесно да ги остварите своите идеи преку финансирање од ЕУ фондовите, потребно е знаење и вештина. Дали некогаш сте виделе како изгледа пример на напишан дел од еден проект? Научете од примери - делови од проекти, од богатото практично искуство на предавачот кој со вас, на Македонски јазик, ќе ги подели искуствата од Словенија, за да не ги правите истите грешки.**

**На семинарот ќе научите теоретски, но пред се практично, како да пристапите кон подготовката на проект: што се неповратни средства, кои програми се отворени за Македонија и кои идеи воопшто имаат потенцијал да бидат финансирани. Затоа што добрата идеја е само добар почеток, ќе погледнеме примери за поделба на активностите по пат на изработка на костур и логична рамка. Многу програми на ЕУ бараат партнери - затоа ќе видиме како да пронајдеме добри партнери и како да го опишеме водењето на проектот. На крај ќе го погледнеме и она околу што се врти светот: финансиите. Семинарот ќе го завршиме со прашања и одговори од страна на учесниците, кои цело време ќе можат активно да партиципираат во дискусиите.**

**<u>Дневен ред:</u>**

1. Програми кои се отворени за Македонија: како да се снајдеме во џунглата?
2. Имам идеја, како понатаму? Цели на проектот и логична рамка

3. Подготовка на проектни пријави - каква е структурата на пријавницата?
4. Подготовка на описот на активности на проектот
5. Партнери на проектот - каде да се најдат и изберат добри партнери?
6. Подготовка на описот за водење на проектот (добар менаџмент злато вреди)
7. Финансиска конструкција на проектот: светот се врти околу парите
8. Нема глупави прашања: прашања и одговори

**Целна публика:**

Семинарот е наменет за поединци од сите видови организации, кои:

- се почетници со неповратните средства или имаат релативно мало искуство со нив
- сите кои имаат идеја за која мислат дека заслужува финансирање од ЕУ

**Распоред**:

1. ден

9.00 – 10.30 Предавање

10.30 - 11.00 Пауза

11.00 – 12.30 Предавање

12.30 - 13.00 Пауза

13.00 – 14.30 Предавање

2. ден

9.00 – 10.30 Предавање

10.30 - 11.00 Пауза

11.00 – 12.30 Предавање

**Предавач:**

М-р. Вероника Симоновска, советник за неповратни средства во RR & CO. Knowledge Centre Ltd., завршила универзитетски студии во областа на меѓународните односи на Факултетот за социјални науки во Љубљана и

постдипломски студии на College of Europe во Белгија. До сега работела на повеќе проекти од национлен и меѓународен карактер (инвестиции во технолошка опрема, меѓународни и национални истражувачки проекти, и др.). Соработува во подготовката и изведувањето на „Училиштето за практична подготовка на проекти за неповратни средства од ЕУ". Има одржано повеќе семинари на тема на добивање неповратни средства од ЕУ во различни земји на просторите од поранешна Југославија.

**RR & CO. Knowledge Centre Ltd.**

RR & CO. Knowledge Centre Ltd. е советничко претпријатие и водач на развојот во подрачјето на придобивање и користење на неповратните средства. Работи од 1991 година и заради богатите искуства на подрачјето на финансиите, проектниот менаџмент, управувањето со иновации и човечки ресурси, претприемништвото, деловната информатика, индустриската автоматизација, правата на економските друштва и организацијата на работата сме најдобар соговорник и партнер на претпријатијата со брз развој кои можат да си приуштат соработка само со најдобрите.

RR & CO. Knowledge Centre Ltd. има 20 редовно вработени стручни лица, од кои 6 магистри на науки, меѓу кои: советници за проекти за неповратни средства, стручни лица со магистерски титули во подрачјето на информатиката, анализата на Европската социјална политика и економија, како и по едно стручно лице со лиценца IPMA (меѓународна асоцијација за водење на проекти) и со лиценца CISA (ревизор за информациски системи).

RR & CO. го разви единствениот програмски алат EFAMT©, кој го поддржува административно-финансиското водење на меѓународни проекти, кои се финансираат по пат на неповратни средства од ЕУ. RR & CO. е член на стручните здруженија Европска асоцијација на истражувачки менаџери (EARMA), Интернационална асоцијација за проектен менаџмент (IPMA), Асоцијација за ревизија и контрола на информациски системи – ISACA, Словенско здружение за проектен менаџмент и носител на меѓународниот сертификат LSH-ACC-Mentor Multiplier.

Повеќе информации за претпријатието www.rr-co.eu

RR & CO. Ltd. е сопственик на франшизата EU PARTNERS која ја разви во соработка со Априори Комуникации, а која ги покрива услугите на подрачјето на советување околу неповратните средства од ЕУ.

Повеќе информации за франшизите на www.eu-partners.eu

**За Априори Комуникации**

Ние сме една од водечките агенции за односи со јавност која е основана во Македонија во 2006 година. Динамични, точни, креативни и весели, полни со позитивна енергија пристапуваме на секоја зададена цел и проект со кој се срекавме.

Агенцијата во согласност со потребата соработува со многу поединци кои се признати и познати во своето подрачје на дејствување. Иако новите технологии го забрзаа начинот на работа и малку го преуредија животниот стил на повеќето поединци, нашиот тим дава најголемо значење на личните средби и директната комуникација.

Тешко е во неколку редови да дефинираме кои сме ние, затоа е најдобро да не запознаете преку презентација. Со задоволство ќе го прифатиме вашиот повик за заедничка средба без обврски.

Заповеќе информации на http://apriori.com.mk